Бр. / Nr. 01-1752/1
.2025год./ viti

Врз основа на член 49, став 1 и член 55, став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 110/19 и 121/24), одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници („Службен весник на Република Македонија" бр.61/02, 98/02, 81/05, 24/11, 145/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/21), како и одредбите од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници („Службен весник на Република Македонија" бр.28/03, 62/06, 8/09, 175/11 и 101/13), Министерот за односи меѓу заедниците, донесе:

**ПРОЦЕДУРА**
**за подготовка и спроведување попис во Министерството за односи меѓу заедниците**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа Процедура се определува постапката за подготовка и спроведување попис на средствата и нивните извори, како и начинот на усогласување на сметководствената и фактичката состојба во деловните книги во Министерството за односи меѓу заедниците.

## ЦЕЛ ЗА ВРШЕЊЕ ПОПИС

2. Пописот се врши со цел да се утврди фактичката состојба на средствата и нивните извори како и начинот на усогласување на

Në bazë të nenit 49, paragrafi 1 dhe nenit 55, paragrafi 1 nga Ligji për Organizimin dhe Punën e Organeve të Administratës Shtetërore ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 96/19, 110/19 dhe 121/24), dispozitave të Ligjit për Kontabilitetin e Buxheteve dhe Përdoruesve të Buxhetit ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 61/02, 98/02, 81/05, 24/11, 145/15 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 122/21), si dhe dispozitave të Rregullores për kontabilitetin e buxheteve dhe përdoruesve të buxhetit ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 28/03, 62/06, 8/09, 175/11 dhe 101/13), Ministri i Marrëdhënieve ndërmjet Bashkësive ka miratuar:

**PROCEDURË**
**për përgatitjen dhe realizimin e inventarizimit në Ministrinë e Marrëdhënieve ndërmjet Bashkësive**

## I. DISPOZITA TË PËRGJITHSHME

1. Me këtë procedurë përcaktohet mënyra e përgatitjes dhe realizimit të inventarizimit të mjeteve dhe burimeve të tyre, si dhe mënyra e harmonizimit të gjendjes kontabël me gjendjen faktike në librat afariste të Ministrisë së Marrëdhënieve ndërmjet Bashkësive.

## QËLLIMI I KRYERJES SË INVENTARIZIMIT

2. Inventarizimi kryhet me qëllim të përcaktimit të gjendjes faktike të mjeteve dhe burimeve të tyre, si dhe mënyrës së harmonizimit të gjendjes kontabël


Министерство за односи меѓу заедниците
ул. Филип Втори Македонски бр. 11, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Marredhenieve ndermjet Bashkesive
rr. Filipi i Dyte i Maqedonise nr.11, 1000 Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut

+389 02 3114 397
+389 02 3221 008
www.moz.gov.mk

сметководствената и фактичката состојба во деловните книги во Министерството за односи меѓу заедниците.

2.1. Пописот на средствата и обврските вклучува:

- Утврдување на фактичката состојба на средствата и обврските
- Утврдување на отстапувањето во број (количество) и вредносно меѓу сметководствената со фактичката состојба
- Детална анализа за причините за утврденото отстапување
- Предлагање на постапки за усогласување на сметководствената со фактичката состојба и
- Усогласување на сметководствената со фактичката состојба
- Дава предлог во Извештај за спроведен попис за отпишување (доколку постои)

3. Пописот може да се спроведе како:

- Редовен (годишен) попис
- Вонреден попис, кој се спроведува по потреба како повремен попис

**ПОДГОТОВКИ ЗА ВРШЕЊЕ ПОПИС**

4.Секој попис започнува со донесување одлука за попис. Одлуката за попис ја донесува Министерот за односи меѓу заедниците. Во одлуката се дефинира точната дата на отпочнување и датата на завршување на пописот.

4.1.Годишниот (редовниот) попис треба да отпочне најдоцна до 31 декември во годината за која се врши пописот.

4.2.Во одлуката се дефинираат и активностите на пописната комисија, динамиката на вршење на пописот, рокот за изготвување на извештај и рокот за доставување на извештајот.

me gjendjen faktike në librat afariste të Ministrisë së Marrëdhënie ndërmjet Bashkësive.

2.1. Inventarizimi i mjeteve dhe detyrimeve përfshin:

- Përcaktimin e gjendjes faktike të mjeteve dhe detyrimeve
- Përcaktimin e mospërputhjeve në sasi dhe në vlerë midis gjendjes kontabël dhe gjendjes faktike
- Analizë të detajuar të shkaqeve të mospërputhjeve të konstatuara
- Propozimin e procedurave për harmonizimin e gjendjes kontabël me gjendjen faktike
- Harmonizimin e gjendjes kontabël me gjendjen faktike dhe
- Dhënien e një propozimi në Raportin për inventarizimin e kryer për heqje nga evidenca (nëse ekziston)

3. Inventarizimi mund të realizohet si:

• Inventarizim i rregullt (vjetor)
• Inventarizim i jashtëzakonshëm, i cili realizohet sipas nevojës si inventarizim periodik

**PËRGATITJET PËR KRYERJEN E INVENTARIZIMIT**

4. Çdo inventarizim fillon me miratimin e një vendimi për inventarizim. Vendimin për inventarizim e miraton Ministri i Marrëdhënieve ndërmjet Bashkësive. Në vendim përcaktohet data e saktë e fillimit dhe data e përfundimit të inventarizimit.

4.1. Inventarizimi vjetor (i rregullt) duhet të fillojë më së voni deri më 31 dhjetor të vitit për të cilin kryhet inventarizimi.

4.2. Në vendim përcaktohen gjithashtu aktivitetet e komisionit të inventarizimit, dinamika e realizimit të inventarizimit, afati për përgatitjen e raportit dhe afati për dorëzimin e raportit.


Министерство за односи меѓу заедниците
ул. Филип Втори Македонски бр. 11, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Marredhenieve ndermjet Bashkesive
rr. Filipi i Dyte i Maqedonise nr.11, 1000 Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut
+389 02 3114 397
+389 02 3221 008
www.moz.gov.mk

**Образец 1 – Одлука за спроведување попис (редовен/вонреден)**

## ПОПИСНА КОМИСИЈА

5. Врз основа на одлуката за попис, Министерот донесува Решение за формирање комисија за спроведување попис, со кое решение се утврдува составот на пописната комисија и во истата се назначуваат: претседател, заменик претседател, 3 (три) членови и нивни заменици членови.

Претседателот, членовите и нивните заменици се од редот на редовно вработените лица во Министерството за односи меѓу заедниците, со исклучок на вработените во Секторот за финансиски прашања.

Лицата коишто се материјално задолжени за средствата што се попишуваат, најдоцна до денот определен за почнување на пописот ги групираат и означуваат средствата заради нивно полесно, побрзо и правилно попишување.

Комисијата за попис ги врши следните работи:

1) утврдување, мерење, пребројување и поблиско опишување на средствата и внесување на тие податоци во пописните листи;
2) запишување на материјалните промени настанати меѓу денот на попишувањето и определениот ден под кој се врши пописот;
3) внесување на сметководствената материјална состојба на средствата во пописните листи;
4) утврдување на материјалните разлики меѓу состојбата на утврдениот попис и сметководствената состојба;
5) вредносно пресметување на утврдените материјални разлики;
6) утврдување на причините за несогласување меѓу состојбата на пописот и сметководствената состојба и
7) попишување на пописните листи.

Formulari 1 – Vendim për kryerjen e inventarizimit (i rregullt/i jashtëzakonshëm)

## KOMISIONI I INVENTARIZIMIT

5. Në bazë të vendimit për inventarizim, Ministri miraton Aktvendim për formimin e komisionit për realizimin e inventarizimit, me të cilin përcaktohet përbërja e komisionit të inventarizimit dhe në të emërohen: kryetari, zëvendëskryetari, 3 (tre) anëtarë dhe zëvendësanëtarët e tyre.

Kryetari, anëtarët dhe zëvendësanëtarët e tyre duhet të jenë nga radhët e të punësuarve të rregullt në Ministrinë e Marrëdhënieve ndërmjet Bashkësive, me përjashtim të të punësuarve në Sektorin për çështje financiare.

Personat të cilët janë përgjegjës materialisht për mjetet që inventarizohen, më së voni deri në ditën e caktuar për fillimin e inventarizimit, duhet t'i grupojnë dhe t'i shënojnë mjetet për t'u mundësuar inventarizim më të lehtë, më të shpejtë dhe më të saktë.

Komisioni i inventarizimit kryen punët e mëposhtme:

1) Përcaktimin, matjen, numërimin dhe përshkrimin më të detajuar të mjeteve dhe regjistrimin e këtyre të dhënave në listat e inventarizimit;
2) Shënimin e ndryshimeve materiale që ndodhin midis ditës së inventarizimit dhe ditës së caktuar për kryerjen e inventarizimit;
3) Regjistrimin e gjendjes kontabël materiale të mjeteve në listat e inventarizimit;
4) Përcaktimin e dallimeve materiale midis gjendjes së konstatuar në inventarizim dhe gjendjes kontabël;
5) Llogaritjen vlerësore të dallimeve materiale të konstatuara;
6) Përcaktimin e shkaqeve për mospërputhjen midis gjendjes së inventarizimit dhe gjendjes kontabël; dhe
7) Shënimin e listave të inventarizimit.


Министерство за односи меѓу заедниците
ул. Филип Втори Македонски бр. 11, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Marredhenieve ndermjet Bashkesive
rr. Filipi i Dyte i Maqedonise nr.11, 1000 Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut

+389 02 3114 397
+389 02 3221 008
www.moz.gov.mk

**Образец 2 – Решение за формирање Комисија за спроведување попис (редовен/вонреден)**

5.1.Претседателот на пописната комисија е должен да направи план и програма за вршење на пописот, согласно роковите утврдени за отпочнување и завршување на пописот.

**ПОПИСНИ ЛИСТИ**

6.По доставување на одлуката за попис до Секторот за општи и правни работи при Министерството за односи меѓу заедниците, секторот изработува пописни листи од евиденцијата за материјално работење, во кои се содржат сите потребни податоци за основните средства.

**ОПФАТ НА ПОПИСОТ**

7. Побарувања и обврски – состојба на неплатени побарувања и превземени обврски (дали се уредно и хронолошки евидентирани во сметководствената евиденција)

Пописот на побарувањата и обврските се врши според состојбата на сметководството, преку проверка и потврдување на реалноста на искажаните износи. При пописот комисијата за попис на побарувањата и обврските ги врши следните работи:

1) ја утврдува правната основа за постоење на побарувањата и обврските;
2) потврдува дека состојбата на ненаплатенитре побарувања и превземените обврски се уредно, хронолошки, целосно и правилно евидентирани во сметковоствената евиденција;
3) потврдува дали побарувањата од странските купувачи или обврските спрема странските добавувачи се обезбедени со финансиски инструмент за обезбедување на побарувањата,

**Formulari 2 – Aktvendim për formimin e Komisionit për realizimin e inventarizimit (i rregullt/i jashtëzakonshëm)**

5.1. Kryetari i komisionit të inventarizimit është i detyruar të përgatit një plan dhe program për kryerjen e inventarizimit, në përputhje me afatet e përcaktuara për fillimin dhe përfundimin e inventarizimit.

**LISTAT E INVENTARIZIMIT**

6. Pas dorëzimit të vendimit për inventarizim tek Sektori për punë të përgjithshme dhe punë juridike pranë Ministrisë për Marrëdhënie Ndërmjet Bashkësive, sektori përgatit listat e inventarizimit nga evidenca e punës materiale, në të cilat përfshihen të gjitha të dhënat e nevojshme për mjetet bazë.

**FUSHËVEPRIMI I INVENTARIZIMIT**

7. Kërkesat dhe detyrimet – gjendja e kërkesave të papaguara dhe detyrimeve të marra (nëse janë regjistruar rregullisht dhe në mënyrë kronologjike në evidencën kontabël).

Inventarizimi i kërkesave dhe detyrimeve kryhet në përputhje me gjendjen e kontabilitetit, përmes kontrollit dhe konfirmimit të realitetit të shumave të shfaqura. Gjatë inventarizimit, komisioni për inventarizimin e kërkesave dhe detyrimeve kryen punët e mëposhtme:

1) Përcakton bazën ligjore për ekzistimin e kërkesave dhe detyrimeve;
2) Konfirmon që gjendja e kërkesave të papaguara dhe detyrimeve të marra është regjistruar rregullisht, në mënyrë kronologjike, të plotë dhe saktë në evidencën kontabël;
3) Konfirmon nëse kërkesat nga blerësit e huaj ose detyrimet ndaj furnizuesve të huaj janë të siguruara me instrument financiar për sigurimin e kërkesave, respektivisht me instrument për


Министерство за односи меѓу заедниците
ул. Филип Втори Македонски бр. 11, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Marrëdhënieve ndërmjet Bashkesive
rr. Filipi i Dyte i Maqedonise nr.11, 1000 Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut
+389 02 3114 397
+389 02 3221 008
www.moz.gov.mk

односно инструмент за наплата/плаќање согласно прописите за финансиско обезбедување;

4) потврдува дали и какви мерки се превземени од одговорните лица кај корисникот за наплата на побарувањата кои потекнуваат од минати години и
5) ги потврдува причините за неизмирените обврски према добавувачите, кредиторите и вработените.

Побарувањата и обврските за кои не постои уредна документација комисијата за попис ги искажува во посебни пописни листи.

7.1 Во однос на обврските, пописната комисија има обврска истите да ги подреди хронолошки, по денови на задоцнето исполнување на обврската и тоа: 30 дена, 60 дена и над 60 дена.

Истовремено пописната комисија треба да ги утврди и:

- Причините за неизмерените обврски према добавувачи и вработени
- Правната основа за постоење на побарувања и обврски

7.2.Потрошен канцелариски материјал и средства за хигиена кои се на залиха

Се врши броење само на средства кои не се распоредени по вработени и согласно сметководствената евиденција се материјално неиздадени.

7.3. Основни средства и ситен инвентар

Секое основно средство треба да се попише и да се потврди дали истото го користи лицето што е евидентирано и дали истото физички е присутно односно дали истото се наоѓа во наведената просторија.

pagesë/marrje pagesë sipas rregulloreve për sigurim financiar;

4) Konfirmon nëse dhe cilat masa janë marrë nga personat përgjegjës tek përdoruesi për mbledhjen e kërkesave që rrjedhin nga vitet e kaluara; dhe
5) Konfirmon shkaqet e detyrimeve të papaguara ndaj furnizuesve, kreditorëve dhe të punësuarve.

Kërkesat dhe detyrimet për të cilat nuk ekziston dokumentacion i rregullt, komisioni i inventarizimit i shënon në lista të veçanta të inventarizimit.

7.1. Lidhur me detyrimet, komisioni i inventarizimit ka detyrë t'i rendisë ato në mënyrë kronologjike, sipas ditëve të vonesës në përmbushjen e detyrimit: 30 ditë, 60 ditë dhe mbi 60 ditë. Në të njëjtën kohë, komisioni i inventarizimit duhet të përcaktojë edhe:

- Shkaqet e detyrimeve të pamatura ndaj furnizuesve dhe të punësuarve
- Bazën ligjore për ekzistimin e kërkesave dhe detyrimeve

7.2. Materiale shpenzuese zyreje dhe mjete higjienike që janë rezervë

Bëhet numërimi vetëm i mjeteve që nuk u janë ndarë të punësuarëve sipas evidencës së kontabilitetit të dhënave kontabël.

7.3. Mjetet thmelore dhe inventari i vogël

Çdo mjet themelor duhet të regjistrohet dhe të vërtetohet a e përdor të njejtën personi i evidentuar dhe nëse është fizikisht i pranishëm, gjegjësisht a gjindet e njejta në hapësirën e shënuar.


Министерство за односи меѓу заедниците
ул. Филип Втори Македонски бр. 11, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Marrëdhenieve ndërmjet Bashkësive
rr. Filipi i Dytë i Maqedonisë nr.11, 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 02 3114 397
+389 02 3221 008
www.moz.gov.mk

7.4 Попис на ситен инвентар и автогуми

Пописната комисија при пописот утврдува функционалност, односно употребливост на ситниот инвентар и согласно тоа изготвува извештај.

7.5.Попис на парични средства

Пописната комисија при пописот утврдува фактичка состојба (последни изводи) последен касов извештај и состојба на средства.

1) Пописот на денарските средства и девизните средства во благајната се врши со броење според апоените.
2) Паричните средства на отворените сметки во рамки на Трезорска сметка и на девизните сметки се попишуваат врз основа на последниот извод за прометот и состојбата на тие средства од годината за која се врши пописот.
3) При пописот девизните средства во благајната и на девизните сметки се пресметуваат по средниот курс на Народната банка на Република Македонија објавен на 31 декември.
4) Пописот на хартиите од вредност се врши со евидентирање на серискиот број, износот и утврдување на формално правната исправност на истите.
5) Утврдената состојба со пописот на денарските средства, девизните средства и хартиите од вредност се запишуваат во посебни пописни листи.

## ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА СРЕДСТВА КОИ НЕ СЕ ЗАПИШАНИ НА ПОПИСНИ ЛИСТИ

8. Пописната комисија има обврска да евидентира средства кои не се на пописните листи, односно да се попише се што ќе се најде во службените работни простории, а не е лична сопственост на

7.4 Regjistrimi i inventarit të vogël dhe gomave

Komisioni i regjistrimit gjatë regjistrimit përcakton funksionalitetin, gjegjësisht përdorshmërinë e inventarit të vogël dhe në përputhje me të përgatit raport.

7.5. Inventarizimi i mjeteve financiare

Komisioni i invetarizimir gjatë invetarizimit përcakton gjendjen aktuale (certifikatat e fundit), raportin e fundit të parave dhe gjendjen e mjeteve.

1) Invetarizimi i mjeteve në denarë dhe mjeteve devizore në arkë kryhet duke numëruar sipas apoenëve.
2) Mjetet financiare në llogaritë e hapura në suaza të Llogarisë së Thesarit dhe në llogaritë në llorgarive devizore regjistrohen në bazë të certifikatës së fundit të qarkullimit dhe gjendjes të atyre mjeteve për vitin për të cilin kryhet invetarizimi.
3) Gjatë invetarizimit, mjetet devizore në thesar dhe në llogaritë devizore llogariten me kursin e mesëm të këmbimit të Bankës Popullore të Republikës së Maqedonisë të publikuar më 31 dhjetor.
4) Inventarizimi i letrave me vlerë bëhet me evidentimin e numrit serik, shumën dhe duke përcaktuar vlefshmërinë formale ligjore të tyre.
5) Gjendja e vërtetuar nga regjistrimi i mjeteve në denarë, mjeteve devizore dhe letrave me vlerë regjistrohet në lista të veçanta të inventarizimit.

## EVIDENTIMI I MJETEVE QË NUK JANË REGJISTRUAR NË LISTAT E INVENTARIZIMIT

8. Komisioni i inventarizimit ka për detyrë të evidentojë mjete që nuk janë në listat e inventarizimit, gjegjësisht të regjistrohet gjithçka që gjendet në hapësirat zyrtare të punës që nuk është pronë


Министерство за односи меѓу заедниците
ул. Филип Втори Македонски бр. 11, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Marredhenieve ndermjet Bashkesive
rr. Filipi i Dyte i Maqedonise nr.11, 1000 Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut
+389 02 3114 397
+389 02 3221 008
www.moz.gov.mk

вработениот и не е времено отстапено. Комисијата има обврска да даде инвентарен број на средството и да го утврди неговото потекло. Доколку е невозможно да се утврди потеклото,но и сметководствената вредност на средството, потребно е да се постапи согласно Законот за процена и да се побараат услугите на Бирото за судски вештачења.

personale e të punësuarit dhe nuk është tërhequr përkohësisht. Komisioni ka për detyrë tëi jep numër regjistrimi të mjetit dhe ta përcaktojë origjinën e saj. Nëse është e pamundur të përcaktohet origjina, por edhe vlera kontabël e mjetit, është e nevojshme të veprohet në sipas Ligjit për Vlerësimin dhe të kërkohen shërbimet e Byrosë së Ekspertizës Ligjore.

**ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА СРЕДСТВА КОИ НЕ СЕ ЗАТЕЧЕНИ НА ДЕНОТ НА ПОПИШУВАЊЕ**

9. Средствата кои не се затечени на денот на попишувањето, се попишуваат во посебни пописни листи ако до денот на завршувањето на пописот не се примени пописните листи од субјектот кај кого тие средства се наоѓаат.

**EVIDENTIMI I MJETEVE QË NUK JANË GJENDUR NË DITËN E INVENTARIZIMIT**

9. Mjetet që nuk janë gjetur në ditën e regjistrimit duhet të regjistrohen në lista të veçanta të inventarizimit nëse deri në ditën e mbarimit të inventarizimit nuk janë pranuar listrat e inventarizimit te subjekti te të cilët ato mjete gjinden.

**ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА СРЕДСТВА КОИ СЕ ДАДЕНИ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ**

10. За средствата кои министерството ги користи времено, а не се во негова сопственост, потребно е да се евидентираат во посебни пописни листи, по што истите ќе бидат евидентирани во Извештајот за спроведен попис, а прилог од наведените пописни листи ќе биде доставен до иснтитуциите во чија сопственост се истите.

**EVIDENTIMI I MJETEVE TË CILAT JANË TË DHËNA PËR PËRDORIM TË PËRKOHSHËM**

10. Për mjetet që ministria i përdor përkohësisht dhe nuk janë në pronësi të saj, është e nevojshme që ato të evidentohen në lista të posaçme të inventarizimit, me çka të njejtat do të evidentohen në Raportin për regjistrimin e kryer, dhe shtojcë nga listat e futura të regjistrimit të do t'u dorëzohet institucioneve në pronësi të të cilave janë.

**НЕТЕКОВНИ МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА**

11. За нетековните материјални средства, пописната комисија има обврска да обезбеди уредни и веродостојни документи за потврдување на правниот основ/сопственоста.

**MJETET MATERIALE JO RRJEDHËSE**

11. Për mjetet materiale jo rrjedhëse, komisioni i inventarizimit ka për detyrë të sigurojë dokumente të rregullta dhe të besueshme për të përcaktuar bazën ligjore/pronësinë.

**ПОПИС НА ИТ ОПРЕМА И ЛИЦЕНЦИРАН СОФТВЕР**

При пописот на ИТ опрема и лиценцираните софтвери, пописната комисија има обврска да побара мислење од ИТ одговорното лице односно

**REGJISTRIMI I PAJISJEVE TË IT-së DHE SOFTUER TË LICENSUAR**

Gjatë inventarizimit të pajisjeve të IT së dhe softuerët e licencuar, Komisioni i inventarizimit ka për detyrë të kërkojë mendim nga personi përgjegjës i IT-së, gjegjësisht


Министерство за односи меѓу заедниците
ул. Филип Втори Македонски бр. 11, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Marredhenieve ndermjet Bashkesive
rr. Filipi i Dyte i Maqedonisë nr.11, 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë se Veriut

+389 02 3114 397
+389 02 3221 008
www.moz.gov.mk

вработениот задолжен за одржување на серверите, т.е. систем администраторот во Министерството за односи меѓу заедниците, со цел да се утврдат местата на користење, исправноста и функционалноста.

të punësuarit përgjegjës për mirëmbajtjen e softuereve, të ashtëquajtur administrator i sistemit në Ministrinë e Marrëdhënieve ndërmjet Bashkësive, me qëllim përcaktimin e vendeve të shfrytëzimit, korrektësisë dhe funksionalitetit.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДЕН ПОПИС**

14. Извештајот за спроведениот попис, Пописната комисија треба да го достави на одобрување до Државниот секретар и до Министерот за односи меѓу заедниците, најдоцна до 31 јануари во тековната година, за преходната година (годината за која се спроведува пописот).

Потоа извештајот за спроведениот попис се доставува до Секторот за финансиски прашања, најдоцна во првата недела од месец февруари во тековната година.

Централната пописна комисија, Извештајот од спроведениот попис и прилог од пополнетите пописни листи ги изготвува во три примерока, од кои еден примерок за пописната комисија, вториот примерок за архива и третиот примерок за Секторот за финансиски прашања.

Секој член на Централната пописна комисија ја потпишува секоја страна од Извештајот од спроведениот попис.

Извештајот од спроведениот попис во целост треба да ја претстави реалната состојба на средствата кои се попишуваат, при тоа задолжително евидентирајќи ги сите вишоци и кусоци, со образложение за настанувањето на истите:

- За секое основно средство (движен имот) кое е веќе неупотребливо, пописната комисија треба да постапи согласно член 42 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост
- Доколку се утврди дека некое од наведените средства нема инвентарен број, потребно е да

**RAPORT MBI INVENTARIZIMIN E KRYER**

14. Raporti për inventarizimin e kryer Komisioni i inventarizimit duhet ta dorëzojë për miratim Sekretari shtetëror dhe deri te Ministri i Marrëdhënieve ndërmjet Bashkësive, më së voni se 31 janar i vitit aktual, të vitit paraprak (viti për të cilin kryhet inventarizimi).

Pastaj raporti për inventarizimin e kryer i dorëzohet Sektorit për çështje financiare, më së voni deri në javën e parë të muajit shkurt të vitit aktual.

Komisioni Qendror i Inventarizimit duhet të përgatisë Raportin për inventarizimin e kryer dhe shtojcën e listave të plotësuara të inventarizimit në tre kopje, nga të cilat një kopje për komisionin e regjistrimit, kopja e dytë për arkivin dhe kopja e tretë për Sektorin për çështje financiare.

Çdo anëtar i komisionit Qendror të invetarizimit duhet e nënshkruanë çdo faqe të Raportit për inventarizimit të kryer.

Raporti për invetarizimin e kryer në tërësi duhet të paraqesë gjendjen reale të mjeteve që inventarizohen, duke regjistruar detyrimisht të gjitha tepricat dhe mungesat, me arsyetim të ndodhjes së tyre:

- Për çdo mjet themelor (pronë të luajtshme) që nuk është më i përdorshëm, komisioni i inventarizimit duhet të veprojë në përputhje me Nenin 42 nga Ligji për Përdorimin dhe Disponimin e gjërave në pronësi shtetërore dhe me gjërat në pronësi Komunale
- Nëse përcaktohet se ndonjë nga mjetet e shënuara nuk ka numër inventari, është e nevojshme të


Министерство за односи меѓу заедниците
ул. Филип Втори Македонски бр. 11, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Marredhenieve ndermjet Bashkesive
rr. Filipi i Dytë i Maqedonisë nr.11, 1000 Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut

+389 02 3114 397
+389 02 3221 008
www.moz.gov.mk

се изврши повторно нумерирање со инвентарен број на наведеното средство.

Извештајот за спроведениот попис со дадениот предлог за постапување (доколу се утврди кусок или вишок), заедно со пропратната документација и со Одлуката за усвојување на Извештајот од спроведениот попис донесена од министерот, се доставуваат до Секторот за финансиски прашања за понатамошно постапување (доставување до овластениот сметководител и деловните книги заради евидентирање на разликите и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот), најдоцна дваесет дена пред крајниот рок пропишан за доставување на завршната сметка.

**Образец 3 – Одлука за усвојување на Извештај за извршен редовен попис**

Со секој утврден кусок, задолжителна е пишана белешка за објаснување на истиот, со препорака за понатамошно утврдување на причината за кусок или пак намерно оштетување на имотот, движен и недвижен.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа процедура влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе започне да се применува од првиот нареден попис кој ќе се спроведе по неговото донесување.

bëhet numërimi i me numër inventari të mjetit të shënuar

Raporti për inventarin e kryer me veprimin e propozuar (nëse vërtetohet mungesë ose tepricë), së bashku me dokumentacionin shoqërues dhe Vendimin për miratimin e Raportit për inventarin e kryer të miratuar nga Ministri, duhet t'i dorëzohet Sektorit për çështje fnanciare për veprime të mëtutjeshme (dorëzimi te kontabilisti i autorizuar dhe librat afaristë me qëllim të regjistrimit të diferencave dhe pajtimit të kontabilitetit me gjendjen aktuale të përcaktuar nga inventari), jo më vonë se njëzet ditë para afatit të përcaktuar për dorëzimin e llogarisë përfundimtare.

**Formulari 3 – Vendim për miratimin e Raportit për inventarizimin e rregullt të realizuar**

Me çdo mungesë të përcaktuar, është i detyrueshëm shënim me shkrim që shpjegon të njëjtën është i detyrueshëm, me rekomandim për përcaktimin e mëtejshëm të shkakut të mungesës ose dëmtimit të qëllimshëm të pronës, të luajtshme dhe të paluajtshme.

## DISPOZITA PËRFUNDIMTARE

Kjo procedurë hyn në fuqi me ditën e miratimit të saj dhe fillon të zbatohet nga inventari i parë pasues që do të kryhet pas miratimit të saj.

Министер
Иван Стоилковиќ

Подготвил/Përpiloi: И.Ордевска
Превел/Përktheu: F.Dashi
Одобрил/Miratoi:В.Стојановиќ


Министерство за односи меѓу заедниците
ул. Филип Втори Македонски бр. 11, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Marrëdhënieve ndërmjet Bashkësive
rr. Filipi i Dytë i Maqedonisë nr.11, 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 02 3114 397
+389 02 3221 008
www.moz.gov.mk

Бр. / Nr. ______________

______.______. 2025 год./ viti ____

**ОБРАЗЕЦ 1**

Врз основа на член 55, став 1 од Законот за организација и работа на органите на државна управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19, 110/19 и 121/24), член 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници („Службен весник на Република Македонија" бр.61/02, 98/02, 81.05, 24/11, 145/15 и 170/17 и Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/21), а во врска со член 29, став 1 и став 2 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници („Службен весник на Република Македонија" бр.28/03, 62/06, 8/09, 175/11 и 101/13), како и врз основа на Процедурата за подготовка и спроведување попис во Министерството за односи меѓу заедниците бр.00000 од 0000 година, Министерот за односи меѓу заедниците донесе

Në bazë të nenit 55, paragrafi 1 nga Ligji për Organizimin dhe Punën e Organeve të Administratës Shtetërore ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr.58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr.96/19, 110/19 dhe 121/24), nenit 21 të Ligjit për Kontabilitetin e Buxheteve dhe Përdoruesve Buxhetorë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr.61/02, 98/02, 81/05, 24/11, 145/15 dhe 170/17 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr.122/21), si dhe në lidhje me nenin 29, paragrafi 1 dhe 2 të Rregullores për kontabilitetin e buxheteve dhe përdoruesve buxhetorë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr.28/03, 62/06, 8/09, 175/11 dhe 101/13), si dhe në bazë të Procedurës për përgatitjen dhe zbatimin e inventarizimit në Ministrinë e Marrëdhënieve ndërmjet Bashkësive nr.00000 nga 0000, Ministri i marrëdhënieve ndërmjet bashkësive miratoi:

## ОДЛУКА
### за спроведување на редовен годишен попис за 2025 година во Министерството за односи меѓу заедниците

## VENDIM
### për realizimin e inventarizimit vjetor të rregullt për vitin 2025 në Ministrinë e Marrëdhënie ndërmjet Bashkësive

**Член 1**

Со цел усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководтсвото со фактичката состојба, да се изврши редовен годишен попис за

**Neni 1**

Me qëllim të harmonizimit të gjendjes së mjeteve dhe burimeve të tyre të shprehura në kontabilitet me gjendjen faktike, të realizohet inventarizim vjetor i rregullt për


Министерство за односи меѓу заедниците
ул. Филип Втори Македонски бр. 11, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Marredhenieve ndermjet Bashkesive
rr. Filipi i Dyte i Maqedonise nr.11, 1000 Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut

+389 02 3114 397
+389 02 3221 008
www.moz.gov.mk

2025 година во Министерството за односи меѓу заедниците, со фактичка состојба на ден 31.12.2025 година и тоа:

- Попис на постојани основни средства
- Попис на ситен инвентар во употреба
- Попис на канцелариски материјал
- Попис на мобилни телефони и СИМ картички
- Попис на парични средства
- Попис на побарувања и обврски

vitin 2025 në Ministrinë e Marrëdhënieve ndërmjet Bashkësive, me gjendje faktike më 31.12.2025 dhe atë për:

- Inventarizimin e mjeteve themelore të përhershme
- Inventarizimin e inventarit të vogël në përdorim
- Inventarizimin e materialeve zyre
- Inventarizimin e telefonave celularë dhe kartelave SIM
- Inventarizimin e mjeteve monetare
- Inventarizimin e kërkesave dhe detyrimeve

**Член 2**

Министерот за односи меѓу заедниците раководи со пописот и врши контрола на истиот.

**Neni 2**

Ministri i marrëdhënieve ndërmjet bashkësive udhëheq inventarizimin dhe kryen kontroll mbi realizimin e tij.

**Член 3**

Заради ефикасно и навремено извршување на пописот и за координирана работа на комисиите за попис, со посебно решение ќе биде формирана Централна пописна комисија, која има обврска да ја спроведе оваа одлука.

**Neni 3**

Për realizimin efikas dhe në kohë të inventarizimit dhe për punë të koordinuar të komisioneve të inventarizimit, me aktvendim të veçantë do të formohet Komisioni Qendror i Inventarizimit, i cili ka për obligim të zbatojë këtë vendim.

**Член 4**

За извршување на редовен годишен попис за 2025 година во Министерството за односи меѓу заедниците со посебни решенија ќе бидат формирани и:

1. Комисија за попис на постојани основни средства, ситен инвентар, канцелариски материјал, тонери, средства за хигиена, друг материјал кој се признава веднаш како трошок, наместо да се капитализираат, со оглед на нивната ниска цена и пократок корисен век на траење,

**Neni 4**

Për realizimin e inventarizimit vjetor të rregullt për vitin 2025 në Ministrinë e Marrëdhënieve ndërmjet Bashkësive, me aktvendime të veçanta do të formohen edhe:

1.Komisioni për inventarizimin e mjeteve themelore të përhershme, inventarit të vogël, materialit zyrtar, tonerëve, mjeteve higjienike dhe materialeve të tjera që menjëhëre njihen si shpenzim duke e marrë parasysh çmimin e tyre të ulët dhe kohëzgjatjen e shkurtër të përdorimit, si dhe


Министерство за односи меѓу заедниците
ул. Филип Втори Македонски бр. 11, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Marredhenie ndermjet Bashkesive
rr. Filipi i Dyte i Maqedonise nr.11, 1000 Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut

+389 02 3114 397
+389 02 3221 008
www.moz.gov.mk

како и попис на мобилни телефони и СИМ картички и
2. Комисија за попис на парични средства, попис на побарувања и обврски

inventarizimin e telefonave celularë dhe kartelave SIM
2.Komisioni për inventarizimin e mjeteve financiare, kërkesave dhe detyrimeve

**Член 5**

Централната пописна комисија има обврска да го организира и спроведе пописот во период од 01.12.2025 година, со состојба на ден 31.12.2025 година.

**Neni 5**

Komisioni Qendror i Inventarizimit ka për obligim ta organizojë dhe ta realizojë inventarizimin duke filluar më 01.12.2025, me gjendje të ditës 31.12.2025.

**Член 6**

Централната пописна комисија има обврска да состави Извештај за извршениот попис со состојба на ден 31.12.2025 година.

Извештајот за извршениот попис изготвен од Централната пописна комисија содржи: предлози за книжења на кусоците, односно вишоците (разликата) на вредноста на средствата, побарувањата и обврските, забелешките и објаснувањата на лицата што ракуваат со материјалните и паричните вредности за утврдените разлики, како и други забелешки и објаснувања на настанатите разлики.
Извештајот за извршениот попис заедно со Одлуката за усвојување на Извештајот од извршениот попис донесена од министерот се доставуваат до сметководствената служба заради книжење на разликите и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот, најдоцна дваесет дена пред рокот пропишан за доставување на годишната сметка.

**Neni 6**

Komisioni Qendror i Inventarizimit ka për obligim të përgatisë Raport për inventarizimin e realizuar me gjendje të ditës 31.12.2025.

Raporti për inventarizimin e realizuar i përgatitur nga Komisioni qendror i inventarizimit përmban: propozime për regjistrim të mungesave ose tepricave (dallimet) të mjeteve, kërkesave dhe detyrimeve, vërejtjet dhe sqarimet e personave përgjegjës për materialin dhe mjetet financiare për dallimet e konstatuara, si dhe vërejtje dhe sqarime të tjera për dallimet e paraqitura.
Raporti për inventarizimin së bashku me Vendimin për miratimin e Raportit e intventarizimit të realizuar i miratuar nga ministri nga ministri dorëzohet në shërbimin kontabël për regjistrimin e dallimeve dhe harmonizimin e gjendjes kontabël me gjendjen faktike të konstatuar me inventarizimin, më së voni njëzet ditë para afatit të caktuar për dorëzimin e llogarisë vjetore.


Министерство за односи меѓу заедниците
ул. Филип Втори Македонски бр. 11, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Marredhenie ndermjet Bashkesive
rr. Filipi i Dyte i Maqedonise nr.11, 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë se Veriut
+389 02 3114 397
+389 02 3221 008
www.moz.gov.mk

**Член 7**

Членовите на пописните комисии имаат обврска да ги почитуваат одредбите од Процедурата за подготовка и спроведување попис во Министерството за односи меѓу заедниците бр.00000 од 0000 година, како и одредбите на позитивните прописи во Република Северна Македонија.
Непридржувањето кон прописите повлекува одговорност.

**Neni 7**

Anëtarët e komisioneve të inventarizimit kanë për obligim të respektojnë dispozitat nga Procedura për përgatitjen dhe realizimin e inventarizimit në Ministrinë e Marrëdhënieve ndërmjet Bashkësive nr.00000 të vitit 0000, si dhe dispozitat e rregullave pozitive të Republikës së Maqedonisë së Veriut.
Mosrespektimi i dispozitave sjell përgjegjësi.

**Член 8**

Оваа одлука за се достави до Секторот за финансиски прашања и до Одделението за канцелариско и архивско работење во министерството.

**Neni 8**

Ky vendim t'i dorëzohet Sektorit për çështje financiare dhe Njësisë për punë zyreje dhe arkivore në ministri.

**Член 9**

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**Neni 9**

Ky vendim hyn në fuqi ditën e miratimit të tij.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници („Службен весник на Република Македонија" бр.61/02, 98/02, 81.05, 24/11, 145/15 и 170/17 и Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/21), а во врска со член 29, став 1 и став 2 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/03, 62/06, 8/09, 175/11 и 101/13), Министерството за односи меѓу заедниците има обврска да изврши усогласување на побарувањата и обврските со состојбата на

**ARSYETIM**

Në bazë të dispozitave të Ligjit për Kontabilitetin e Buxheteve dhe Përdoruesve Buxhetorë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr.61/02, 98/02, 81/05, 24/11, 145/15 dhe 170/17 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr.122/21), dhe në lidhje me nenin 29, paragrafi 1 dhe 2 të Rregullores për kontabilitetin e buxheteve dhe përdoruesve buxhetorë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr.28/03, 62/06, 8/09, 1 75/11 dhe 101/13), Ministria e Marrëdhënieve ndërmjet Bashkësive ka obligim të harmonizojë kërkesat dhe detyrimet me


Министерство за односи меѓу заедниците
ул. Филип Втори Македонски бр. 11, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Marredhenie ndermjet Bashkesive
rr. Filipi i Dyte i Maqedonise nr.11, 1000 Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut

+389 02 3114 397
+389 02 3221 008
www.moz.gov.mk

средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба што се утврдува со попис со состојба на 31 декември во годината за која се прави пописот.

Врз основа на оваа одлука, министерот со посебни решенија утврдува состав и дефинира обврски на пописните комисии.

Врз основа на горе изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

gjendjen e mjeteve dhe burimeve të tyre të shprehura në kontabilitet me gjendjen faktike të konstatuar me inventarizimin me datë 31 dhjetor të vitit për të cilin realizohet inventarizimi.

Në bazë të këtij vendimi, ministri me aktvendime të veçanta përcakton përbërjen dhe obligimet e komisioneve të inventarizimit.

Në bazë të lartpërmendurës, u vendos si në dispozitivin e këtij vendimi.

**ДОСТАВЕНО ДО/ DORËZUAR**

Секторот за финансиски прашања / Sektorit për çështje financiare

Одделение за архивско и канцелариско работење/ Njësisë për punë arkivore dhe zyre

**Министер / Ministër**

**Иван Стоилковиќ**

Подготвил / Përpiloi: И.Ордевска

Контролирал / Kontrolloi: J.Тастх

Одобрил / Miratoi: В. Стојановиќ

Превел / Përktheu: F. Dashi



Министерство за односи меѓу заедниците

ул. Филип Втори Македонски бр. 11, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Marredhenie ndermjet Bashkesive

rr. Filipi i Dyte i Maqedonise nr.11, 1000 Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut

+389 02 3114 397
+389 02 3221 008
www.moz.gov.mk

Бр. / Nr.

.2025 год./ viti

**ОБРАЗЕЦ 2**

